Врз основа на член 3 од Законот за комунални дејности („Службен весник на РМ'' бр.45/97,23/9945/06 и 16/04 г.) и член 38 став 1 точка 15 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија'' бр.25/06), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 28.12.2017 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
## за дезинфекција, дезинсекција, дератизација и заштита и згрижување на бездомни животни во општина Гевгелија за 2018 година

### I.ВОВЕД

Интегрираното спречување и сузбивање на заразните болести предизвикани од микроорганизми и штетници е збир на механички, физички, биолошки и хемиски мерки и постапки. Тоа се превентивни и куративни мерки кои се преземаат со цел, сузбивање или намаливање на популацијата најмалку до прагот на штетност, запирање на растот и размножувањето, уништување на постоечката популација на штетници до биолошкиот минимум, односно влегување и задржување на штетниците на површината во просторот или објектот. Тоа се однесува на организми кои ги пренесуваат причинителите на заразни болести, паразитираат на човечкото тело, причинители се на алергиски реакции, делуваат токсично и предизвикуваат болести.

Што се однесува до заштитата и згрижувањето на бездомните животни , редовно да се преземаат мерки за нивно заловување, заштита и згрижување на истите бидејќи претставуваат потенцијална опасност по здравјето и животот на луѓето, особено децата.

### II. ЦЕЛИ

Заради заштита на населението во општина Гевгелија од преносители на заразни болести, штетници и бездомни животни, потребно е преземање соодветни мерки и во текот на 2018 година. Со планираните активности според оваа програма, ќе се зачува животната средина и здравјето на луѓето и подобри севкупниот амбиент во градот и населените места во општина Гевгелија.

### III.АКТИВНОСТИ

Во 2018 година, за спречување на појави од заразни болести предизвикани од микроорганизми, инсекти, штетници и бездомни животни, општина Гевгелија ќе ги преземе следните активности:

| | **Мерки и активности** | **Место и локација** | **Планирани Средства** |
|---|---|---|---|
| 1 | Дезинфекција, дезинсекција и дератизација | Основни училишта, детски градинки, јавни општинс установи и др. објекти.<br>Дезинсекција против комарци на целата територија што ја опфаќа општина Гевгелија. | 1.700.000,оо |
| 2. | Заштита и згрижување на бездомните животни | Во градот Гевгелија и населените места. | 300.000,оо |
| | **Вкупно денари : 2.000.000,оо** | | |

**IV.ФИНАНСИРАЊЕ**

Активностите утврдени со оваа програма ќе се реализираат со средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2018 година.

**V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на општина Гевгелија''.

Бр.09-2502/1
28.12.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов***